АНГЕЛИ ЛЕТАЈТЕ ПО БЕСПАЌАТА НАШИ
МАКЕДОНСКИ
КАДЕ КОСКИТЕ ПРАДЕДОВСКИ КОЛНАТ
СЕКОЈ КОРАК Е МАКА
СЕКОЈА СТАЗА НАТОПЕНА
Е СО КРВ И ЈАДОВИ
НА ПЛАНИНИТЕ НЕПОКОР СЕ ВЕЕ
А ВО ПАДИНИТЕ КРВОПИСОТ
МИЛНА ПЕСНА ПЕЕ
ПЕСНА АНГЕЛИ ПЕСНА
ЗА МАКЕДОНИЈА
ЗА ОНАА ШТО СО ДВЕ НИШКИ
ЦРВЕНА И ЦРНА
СЕ КОЛНЕ НА ОЛТАРОТ
ПРАВОСЛАВЕН
НЕ БАРАЈЌИ ПРОШКА
НО ЗАВЕТ ДАВА НА
ИДНИНАТА
МАКЕДОНИЈА ОНАА ХЕРОЈСКА
КОЈА КРВТА НА ЈУНАЦИТЕ
КО ЦРВЕНА РИЗА
ЈА ВТКАЛА ВО
НЕПОКОРОТ МАКЕДОНСКИ
МАКЕДОНИЈА ОНАА
КАДЕ СМРТТА ГОРДО
ГИ СТАВА ВО ПРЕГРАТКА
СИНОВИТЕ МАКЕДОНСКИ
КАДЕ УТРОТО СЕ КАПЕ ВО ЛЕЛЕКОТ
НА МАЈКИТЕ
КАДЕ НЕРОДЕНИ ДЕЦА МАКЕДОНИЈА
КЛИКАТ
КАДЕ ЛАВОВИТЕ ВО СЕКОЈА СЕНКА
СЕ КРИЈАТ
КАДЕ СЕ ГИНЕ И СЕ САКА ДО
ПОСЛЕДЕН ЗДИВ
ОНАА МАКЕДОНИЈА
КОЈА НЕМА ДА ЈА ПРЕДАДЕМЕ
ОНАА ШТО ОД МАЈЧИНА
СОЛЗА ПОМИЛНА Е
ОД НЕВЕСТИНСКИ БАКНЕЖ
ПОДРАГА Е
ОД ЖИВОТОТ ПОСАКАНА Е
АНГЕЛИ ТОА Е ОНАА МАКЕДОНИЈА
ШТО ВО БИБЛИЈАТА ЈА ИМА

ОНАА ШТО Е НА МАКЕДОНЦИТЕ

**Давор Крстевски**